КЛИМАТСКО СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

# *СЕСИЈА 4: ЈАВНО ЗДРАВЈЕ*

## ● Сценарио А – Тековна ситуација

- Има значително зголемена појава на респираторни заболувања вклучувајќи астма, бронхитис и рак на бели дробови, примарно предизвикани од зголемените нивоа на аерозагадувањето кое потекнува од различни извори како индустриски емисии и издувните гасови од автомобилите.
- “Седечкиот” животен стил придонесува кон прекумерена дебелина, кардиоваскуларни болести и други хронични заболувања меѓу граѓаните
- Проблеми со менталното здравје како стрес, анксиозност и депресија се далеку распространети, делумно поради урбаните предизвикувачи како загадување и социјална изолација
- Ограничената достапност на зелени површини и рекреативни области ги отежнува можностите за физичка активност и релаксација, а со тоа ги зголемува потешкотиите со менталното и физичкото здравје
- Стратегиите кои се фокусираат на намалување на стапката на смртност асоцирана со аерозагадувањето се недоволно ефективни и истрајни со недетални начела и планови за акција
- Кампањите за подигнување на јавната свест наменети за промовирање на еко-навики на популацијата се повремени и премногу наклонети кон интернационални донори како WHO, UNICEF, и EU.
- Имплементацијата на 24-часовен мониторинг на загадување на воздухот низ Скопје е неадекватна, со недоволно мерни инструменти, застарена технологија или недостиг на политичка волја ги спречува напорите за систематски мониторинг

**Придобивки:**

- Ни една придобивка не е идентификувана со моменталното сценарио.

**Компромиси:**

- Недостаток од опсежни начела и планови за акција ги влошува здравствените ризици асоцирани со загадувањето на воздухот, кои водат до зголемени здравствени трошоци и намален квалитет на живот за граѓаните.
- Потпирање на повремени кампањи за јавна свест кои се финансирани од интернационални донатори резултираат со ограничена ефективност и одржливост, попречувајќи долготрајни промени во однесувањето и подобрување на средината.
- Неадекватен мониторинг на степенот на аерозагадувањето ја компромитира можноста точно да се процени и да се обрне внимание на здравствените ризици предизвикани од средината, што потенцијално доведува до потценување на влијанието на загадувањето врз нашето здравје и одложување на интервенции

## ● <u>Сценарио Б – Умерено напредување</u>

- Распространоста на респираторните болести, вклучувајќи астма, бронхитис и рак на бели дробови, постепено се намалува должејќи се на првичните напорни за намалување на нивото на аерозагадување преку таргетирани интервенции на индустриските емисии и издувните гасови од автомобилите.
- Се зголемува интересот за иницијативи за промовирање на активен животен стил и намалување на “седечкиот” животен стил, водејќи до постепено намалување на зголеменета телесна тежина, кардиоваскуларни болести, и други хронични состојби.
- Со програми базирани на заедницата за редуцирање на урбаните предизивикувачи на стрес како загадување и социјална изолација до зголемена свест и поддршка за услуги за ментално здравје помагаат во адресирање на стресот, аксиозноста и депресијата меѓу граѓаните
- Зголемени инвестиции во зелени површини и рекреативни области кои овозможуваат физичка активност и релаксација, што ќе има позитивно влијание и на менталното и на физичкото здравје.

- Ветувачки стратегии чија цел е намалување на стапката на смртност асоцирана со аерозагадувањето, со развој на некои начела или планови за акција, со можност за подобрување во постојаноста и ефективноста.
- Кампањи за јавната свест кои промовираат еко навики стануваат се пораспостранети, со зголемени фондови и поддршка и од интернационални донори и од иницијативите на локалната власт.
- Тековни напори за подобрување на мониторингот на воздушното загадување, со подобрување на мерните инструменти и технологија, иако сеуште се присутни предизвиците за достигнување целосна покриеност и политичка обврзаност.

**Придобивки:**

- Подобрен квалитет на воздухот како резултат на иницијалните интервенции кои водат до намалување на здравствените трошоци и го подобруваат квалитетот на граѓаните.
- Зголемена јавна свест и поддршка за иницијативите фокусирани на околината негуваат вклученост од заедницата и соработка, поставувајќи ги темелите за одржливи промени во однесувањето и подобрување на животната средина.

**Компромиси:**

- Постепен прогрес во адресирање на здравствените ризици поврзани со аерозагадувањето, со долготрајни предизвици во имплементација на политиката и алокација на ресурсите кои ги отежнуваат позначајните подобрувања.
- И покрај подобрувањата во напорите за мониторинг, јазот помеѓу опфатеноста и политичката волја може да ја спречи точната проценка и навремената интервеција во здравстсвените ризици поврзани со аерозагадувањето.

- **<u>Сценарио В - Вистински напредок</u>**

- Забележано е значително намалување на респираторните болести, прекумерна здебеленост, кардиоваскуларни заболувања и проблеми со менталното здравје, како резултат на превземените мерки за намалување на аерозагадувањето, со што се постигнува почист воздух и поздрава животна средина.
- Активен животен стил е сè повеќе поттикнат и поддржан преку инвестиции во инфраструктурата, програми и политика кои промовираат пешачење, возење велосипед, и други форми на физичка активност, водејќи до сеопфатно подобрени здравстени резултати.
- Подобрени услуги и интервенции за менталното здравје, заедно со напорите за намалување на урбаните стресори како загадување и социјална изолација, придонесуваат за подобрена психолошка благосостојба и флексибилност помеѓу жителите.
- Проширувањето на зелените површини и рекреативни области овозможува изобилство на можности за одмор, рекреација и релаксирање, што дополнително ги зголемува бенефитите за менталното и физичко здравје.
- Сеопфатни политики и планови за акција насочени кон намалувањето на стапката на смртност поврзана со аерозагадувањето, поддржани од силна политичка посветеност и учество на заедницата.
- Локално водени кампањи за подигање на јавната свест промовираат еко-пријателски навики и однесувања, поттикнувајќи култура на грижа за животната средина и одржливост кај граѓаните.
- Воспоставен е сеопфатен мониторинг на стапките на загадување на воздухот, со најсовремени мерни инструменти и технологија што овозможуваат следење и одговор во реално време на нивоата на загадување низ Скопје.

**Придобивки:**

- Драстично подобрување на резултатите од јавното здравје водат до значително намалување на трошоците за здравствена грижа, подобрен квалитет на живот и зголемена продуктивност меѓу граѓаните.

- Зголемена вклученост на заедницата и соработка со иницијативи за средината поттикнуваат чувство на сопственост и гордост во локалните населби, придонесувајќи кон социјална сплотеност и благосостојба.

**Компромиси:**

- И покрај значајниот прогрес, потребни се и тековни напори во одржување и надградување на достигнувањата, со што ќе се обезбеди континуитетот во претпазливоста и адресирање на нови предизвици за животната средина и јавното здравје.
- Инвестирање во иницијативи за животната средина и јавното здравје бараат финансиски извори и долготрајна посветеност и од владини чинители и од чинителите во приватниот сектор.
- Континуитет во мониторингот и адаптацијата на политиките и програмите се неопходни во адресирање на здравствените ризици и ризиците по животната средина и подразбираат тековна соработка и координација помеѓу владата и приватниот сектор